СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА

Судскиот совет на Република Македонија, согласно со член 64 од Законот за Судски совет, на седницата одржана на 02.03.2011 година, го разгледа и го усвои следниот:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА

## ВОВЕД

Судскиот совет на Република Македонија, согласно со член 64 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија до Собранието на Република Македонија поднесува годишен извештај за неговата работа.

Судскиот совет на Република Македонија (во натамошниот текст: Советот) е самостоен и независен орган на судската власт чии надлежности се дефинирани со Уставот и законите. Советот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт преку остварување на своите функции при тоа обезбедувајќи еднаквост, рамноправност и недискриминација по која било основа и правна сигурност врз основа на начелата на владеење на правото, заштитата на човековите права и слободи и поделбата на државната власт на судска, законодавна и извршна, но и како баланс на трите власти во државата.

Извршувањето на функцијата член на Судски совет на Република Македонија претставува израз на довербата на јавноста, засновано врз извршување на обврските што се предвидени со закон, но и лична и професионална заложба како член на Советот во обезбедувањето и гарантирањето на самостојноста и независноста на судската власт воопшто.Членовите на Судскиот совет во остварувањето на своите функции се еднакви во правата и обврските и уживаат имунитет за искажаното мислење или гласање. Работите од своја надлежност, Советот ги разгледува и за нив одлучува на седница. Седниците на советот се јавни. Јавноста може да биде исклучена само со одлука на Советот заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија. За исклучување на јавноста од седниците, Советот одлучува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот. За работата на седницата на Советот се води записник и стенографски белешки.

Во текот на извештајната 2010 година, Судскиот совет одржа **13** седници, со исцрпни дневни редови. Согласно со содржината на дневниот ред на поголем број седници им претходеле работни состаноци. На одржаните седници, покрај одлуките за избор и разрешување на судии, судии поротници и претседатели на судови, одлуки по поведени постапки за утврдување одговорност на судиите, одлуки за одземање имунитет на судија и слично, од страна на Советот беа усвојувани и нормативните

акти, како и други одлуки кои се од важност за непречено функционирање и остварување на надлежноста на Судскиот совет.

Судскиот совет има ефикасна, функционална и професионална стручна служба која обезбедува реализација на сите свои надлежности. Внатрешната организација на Судскиот совет на Република Македонија е уредена во согласност со надлежностите на Советот, утврдени со Правилникот за внатрешна организација. Со тоа се обезбедува:

- законито, стручно, одговорно, ефикасно и рационално вршење на работите и задачите;
- независност и одговорност при вршењето на задачите;
- успешно и квалитетно раководење на стручната служба на Советот.

Клучни активности во работењето на Судскиот совет во текот на 2010 година беа:

- избор, оценка, унапредување и утврдување на одговорност на судиите;
- постапување по поднесени претставки и поплаки;
- прибирање информации и анализи кои се однесуваат на самостојноста и независноста на судската функција;
- поддршка на судиите во ситуации кога е загрозен интегритетот при вршењето на нивната функција;
- промена и унапредување на законската рамка за судството преку учество во работните групи за измена на законите;
- унапредување на транспарентноста и отчетноста на работата на Советот;
- обезбедување навремени информации за работата и реформите во судството и редовно известување за истите преку брифинзи и соопштенија;
- афирмација на местото, улогата и надлежностите на Советот на домашно и меѓународно ниво;
- зајакнување на капацитетите и вештините на членовите на Судски совет и стручната служба преку учество на обуки, работилници и семинари на одредени теми од надлежност на Советот;
- Подобрување на постоечкиот (централизиран/интегриран) систем на управување во судството;

## ЗАКОНСКА РАМКА

Во насока на зајакнување на независноста и самостојноста на судската власт, зголемувањето на нејзината ефикасност и зајакнување на одоговорноста на судиите, во текот на 2010 година беше унапредена и надградена постојната законска рамка со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија, Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите, Законот за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет и Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба. Со овој пакет на законски измени се придонесе и за унапредување на надлежноста и функционирањето на Судскиот совет како гарант на судската независност со што е извршено усогласување со постојните европски и меѓународни стандарди согласно препораките на Европската комисија за следење на напредокот на Република Македонија.

**Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија** е објавен во „Службен весник на Република Македонија “ број 150 од 18.11.2010 година. Законот стапи во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен весник поточно на 26.11.2010 година. Значајни новини внесени со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија се следните:

Се доуредува и надградува дисциплинската постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на судија, како и постапката за утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Во таа насока, постапката за утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција како и дисциплинската постапка е итна, од доверлив карактер и се води без присуство на јавноста, а по барање на судијата против кој се води постапката, Судскиот совет ќе дозволи присуство на јавноста.

Исто така се пропишува постапката и се дефинираат објективни и мерливи критериуми за следење и оценување на работата на судиите, со цел да се отстрани можноста за евентуална субјективност и пристрасност при оценувањето.

Се зајакнува отчетноста и транспарентноста во работењето на Судскиот совет најмалку еднаш месечно на седница се расправа поединачно по сите претставки и поплаки од граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите и за одолжување на судските постапки, кои сендици на Советот се јавни.

**За остварување на надлежноста на Судскиот совет значајни се и новините внесени со Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите** „Службен весник на Република Македонија“ број 150 од 18.11.2010 година ,особено во следните сегменти:

Се редефинират општите услови за избор на судија, меѓу кои условот за завршени правни студии со просек од најмалку осум; новина е и потребата од активно познавање на еден од официјалните јазици на ЕУ од кои задолжително англиски јазик, што се докажува со меѓународно признат сертификат, како и познавање работа со компјутери. Се воведуваат психолошки тестови и тестови за интегритет. Психолошкиот тест има за цел по пат на проверка на социјалните способности да ги афирмира кандидатите за вршење на функцијата судија, а тестот за интегритет се заснова врз постојните етички и професионални кодекси за вршење на функцијата судија и има за цел проверка на етичките и моралните вредности на кандидатот за вршење на фунцијата судија.

Се воведува систем на кариера при унапредување на судиите од понизок во повисок суд преку утврдување на посебни услови за избор на судија.

Се предвидува нов Виш управен суд во судскиот систем на Република Македонија, кој ќе одлучува по жалбите против одлуките на Управниот суд, со што се гарантира правото на жалба против одлуките на Управниот суд донесени во прв степен согласно со Амандманот XXI од Уставот на Република Македонија.

Се редефинираат основот за поведување постапка за утврдување нестручно и несовесно работење на судската функција, согласно со кој Судскиот совет поведува

постапка ако во текот на една календарска година утврдил неефикасно и неажурно водење на судската постапка по вина на судијата, кога судијата по негова вина во повеќе од пет предмети ги пречекорил законските рокови за преземање на процесните дејствија, законските рокови за донесување, објавување или изготвување на судските одлуки, или ако во текот на една календарска година повеќе од 20% од вкупниот број решени предмети му се укинати или повеќе од 30% од вкупниот број решени предмети му се преиначени. Или ако е донесена одлука од Европскиот суд за човекови права со која е утврдена повреда на правото на правично судење согласно со член 6 од Европската конвенција за човекови права или е донесена одлука на Врховниот суд за повреда на правото за судење во разумен рок, како резултат на постапување на судијата.

Се пропишува нова одредба според која за судија или судија поротник не може да биде избрано лице кое со член на Судскиот совет на Република Македонија е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар.

**Со Законот за изменување и дополнување на Законот за судски буџет** се утврдува фиксен процент од БДП за финансирање на судството и се унапредува постапката за изготвување, усвојување и менаџирање на Судскиот буџет како посебен дел од Буџетот на Република Македонија. Со измените се предвидува судскиот буџет да изнесува 0,8% од БДП, што е двојно повеќе од сегашниот судски буџет, и со овој износ ќе се постигне постепено еднакво зголемување до 2015 година. Стабилните извори на финансирање на судството се во функција на негова самостојност и независност од извршната власт. Други новини се дека во случај на ребаланс на Буџетот на Република Македонија не може да се намалуваат средствата наменети за финансирање на судската власт, Во рамките на Судскиот буџет се утврдуваат средства за непредвидени случаи како постојна и тековна резерва кои не можат да надминат 2% од тековните расходи на Судскиот буџет и при распределувањето на средствата од Судскиот буџет, најмалку 2,5 % задолжително се издвојуваат за стручно усовршување на судиите, судските службеници, судската полиција и другите вработени во судовите.

Согласно со член 64 став 3 од Законот за Судскиот совет на РМ, во Извештајот се содржани следните податоци:


1. БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ .................... 7
2. ПОВЕДЕНИ И ЗАВРШЕНИ ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА ........................................................................................................... 12
3. КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО ........................................................ 15
4. ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА ………………………………………………………….. 17
5. ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ ...... 23
6. ОЦЕНА ЗА СОРАБОТКАТА И ОДНОСИТЕ НА СУДОВИТЕ СО ДРУГИТЕ ПРАВОСУДНИ ОРГАНИ И ОРГАНИТЕ НА ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ ............................................................................................................ 27

7. ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО ........................................................................ 31

8. ОЦЕНА ЗА СОСТОЈБАТА ВО СУДСТВОТО ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ОСНОВНИТЕ СЛОБОДИ ............................................................................ 41

# БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ

Согласно член 31 од Законот за Судскиот совет, Советот врши избор и разрешување на судии, судии поротници и претседатели на судови.

Судскиот совет е самостоен и независен орган на судството во РМ кој обезбедува независно вршење на судиската функција и заштита на интегритетот на судиите преку спречување на надворешни влијанија по која било основа и од кој било субјект во процесот на избор, унапредување и разрешување на судиите. Со тоа Советот придонесува кон навремено и квалитетно остварување и заштита на правата и слободите на граѓаните на РМ.

При спроведување на законската надлежност во донесувањето на одлуките за избор и унапредување на судиите во текот на 2010 година, Судскиот совет во целост ги почитуваше постапката и критериумите утврдени со законот и Деловникот за работа на Судскиот совет. Постапката се спроведуваше целосно со почитување на транспарентноста, на начин што по утврдената потреба за пополнување на судиско место од страна на Советот беа донесени одлуки за огласување на упразнетите судиски места во судовите во Република Македонија. Потоа се прибавуваа мислења за кандидатите од соодветната институција или суд за нивниот стручен и професионален развој, по што од страна на Комисиите формирани од редот на членовите на Советот се спроведуваа интервјуа со сите кандидати за избор на судии како за основните, така и за повисоките судови и претседатели на судови, што се покажа како успешен критериум за објективна и квалитетна селекција при изборот. Седниците на кои се вршеше избор на судии и претседатели на судови беа јавни, така што претставниците на медиумите и на меѓународните и невладините организации имаа можност непосредно да ги следат изборите. При изборот на судиите и претседателите на судовите исто така се водеше сметка да се обезбеди соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

Воедно, Советот особено се залагаше изборот на судиите и претседателите на судовите да го спроведува врз основа на критериумите предвидени во член 41 и член 44 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија, при што се имаа предвид квалификациите, чесноста, стручната способност и ефикасноста на кандидатот со што се обезбедува избор на професионални, одговорни судии и претседатели на судови кои самостојно и непристрасно ќе ги спроведуваат Уставот и законите во вршење на судиската функција.

На 90-та седницата на Судскиот совет одржана на 1 јули 2010 година проширени се систематизациите во четирите апелациони судови и во Врховниот суд на Република Македонија и тоа: за 2 судии во Врховниот суд на Република Македонија со што бројот на судиите во Врховниот суд се утврдува на 25 судии, вклучувајќи го и претседателот на судот, за 3 судии во Апелациониот суд Скопје со што бројот на судиите на Апелациониот суд Скопје се утврди на 52 судии, вклучувајќи го и претседателот на судот, за 3 судии во Апелациониот суд Гостивар со што бројот на судиите на Апелациониот суд Гостивар се утврдува на 15 судии, вклучувајќи го и претседателот на судот, за 3 судии во Апелациониот суд Битола со што бројот на судиите на Апелациониот суд Битола се утврди на 27 судии, вклучувајќи го и претседателот на

судот и за 2 судии во Апелациониот суд Штип со што бројот на судиите на Апелациониот суд Штип се утврдува на 19 судии, вклучувајќи го и претседателот на судот.

На 94-та седница на Судскиот совет одржана на ден 24.12.2010 година беше донесена Одлука со кој се определува бројот на судиски места во Вишиот управен суд на 15 судии, вклучувајќи го и претседателот на судот а согласно со член 44 од Законот за судовите в.в. со член 2 од Законот за Изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр. 150/2010) и член 31 алинеја 12 од Законот за Судскиот совет на Република .

Со одлуки на Судскиот совет на РМ донесени согласно со член 42 и 43 од Законот за судскиот совет, во текот на 2010 година се избрани вкупно **70** судии во сите судови во Република Македонија. Од вкупно избраните **43** се судии избрани во основните судови од кои **12** се од редот на кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители и тоа 2-ца кандидати од Првата генерација кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители - 2007/2008 година ( со што од страна на Советот се избрани 15 судии од вкупно 27 кандидати од првата генерација и тоа : 12 Македонци, 2 Албанци, 1 Влаинка) и 10 кандидати од Втората генерација кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители - 2008/2009 година (8 - Македонци и 2 - Албанци).

Заради продолжување на овие активности, Судскиот совет на РМ воедно има утврдено планирани активности во координација со Академијата за обука на судии и јавни обвинители, кои се однесуваат на избор за судии од редот на кандидатите од втората и третата генерација кои ќе ја завршат почетната обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители. Исто така согласно со член 38 од Законот за Судскиот совет на РМ, со Одлука на Советот е утврден бројот на слободните судиски места за основните судови во Република Македонија за наредните две години, поточно за 2010 и 2011 година врз основа на која Академијата за обука на судии и јавни обвинители, изврши прием на кандидати за почетна обука за втората и третата генерација на судии и јавни обвинители. Од страна на Судскиот совет со Одлука е формирана работна група за донесување на Стратешки план за утврдување на потребниот број судии и јавни обвинители за 2011-2013 година како активност утврдена во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2011 година согласно со препораките на Европската комисија.

Со вака преземените активности Судскиот совет на РМ во целост одговара на обврските согласно со утврдените приоритети за исполнување на препораките на Европската комисија во делот на реформите во судството, во процесот на интеграција на Република Македонија во Европската унија.

За основните судови од страна на Советот во текот на 2010 година се избрани вкупно 43 судија и тоа: во ОС Битола – 6 судии од кои 2 кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители, ОС Велес – 1 судија - кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители, ОС Гостивар – 5 судии , ОС Дебар - 1 судија, ОС Делчево - 1 судија, ОС Кичево - 2 судии, ОС Кочани - 1 судија, ОС Куманово – 1 судија, ОС Охрид – 2 судии - од кои 1- кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители, ОС Радовиш - 1 судија, ОС Свети Николе - 1 судија- кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители, ОС Скопје 1 Скопје – 7 судии од кои 2 кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители, ОС Скопје 2 Скопје –7 судии од кои 4 кандидати од Академијата за

судии и јавни обвинители, ОС Струга – 4 судии, ОС Струмица 1 судија и ОС Штип – 2 судии- од кои 1 кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители.

Согласно со член 39 став 9 од Законот за судовите, Судскиот совет донесе Одлуки за времено упатување на судија од ОС Крива Паланка и судија од ОС Кратово во Основниот суд Скопје 2 Скопје, поради значително зголемен обем на работа во овој суд , најдолго за време од една година.

Исто така Советот изврши избор и на судии во повисоките судови, апелационите судови, Управниот суд и Врховниот суд на РМ. Така Советот во текот на 2010 година избра вкупно 27 судии за повисок суд и тоа: во Врховниот суд на РМ – 3 судии, Управниот суд – 3 судии, АС Битола – 5 судии, АС Гостивар – 3 судии, АС Скопје – 9 судии, АС Штип – 4 судии .

| | **Суд** | **Бр. на избрани судии** |
|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | **3** |
| 2 | Управен суд на РМ | **3** |
| 3 | АС Битола | **5** |
| 4 | АС Гостивар | **3** |
| 5 | АС Скопје | **9** |
| 6 | АС Штип | **4** |
| 7 | ОС Берово | |
| 8 | ОС Битола | **6** |
| 9 | ОС Велес | **1** |
| 10 | ОС Виница | |
| 11 | ОС Гевгелија | |
| 12 | ОС Гостивар | **5** |
| 13 | ОС Дебар | **1** |
| 14 | ОС Делчево | **1** |
| 15 | ОС Кавадарци | |
| 16 | ОС Кичево | **2** |
| 17 | ОС Кочани | **1** |
| 18 | ОС Кратово | |
| 19 | ОС Крива Паланка | |
| 20 | ОС Крушево | |
| 21 | ОС Куманово | **1** |
| 22 | ОС Неготино | |
| 23 | ОС Охрид | **2** |
| 24 | ОС Прилеп | |
| 25 | ОС Радовиш | **1** |
| 26 | ОС Ресен | |
| 27 | ОС Св. Николе | **1** |
| 28 | ОС Скопје I Скопје | **7** |
| 29 | ОС Скопје II Скопје | **7** |
| 30 | ОС Струга | **4** |
| 31 | ОС Струмица | **1** |
| 32 | ОС Тетово | |
| 33 | ОС Штип | **2** |
| | **Вкупно:** | **70** |

При изборот на судиите исто така се водеше сметка да се обезбеди соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници. Така од вкупно избраните судии од редот на Македонците се избрани 48 судии, од редот на Албанците се избрани 18 судии, Власи 3 судии, како и еден судија Бошњак. Во однос на половата застапеност 31 од избраните судии се мажи, а 39 жени.

## Избрани судии од Судски совет на РМ

| | | Вкупно | % |
|---|---|---|---|
| **Националност** | | | |
| 1 | Македонец | 48 | 68,57 |
| 2 | Албанец | 18 | 25,71 |
| 3 | Власи | 3 | 4,29 |
| 4 | Бошњаци | 1 | 1,43 |
| **Пол** | | | |
| 1 | машки | 31 | 44,29 |
| 2 | женски | 39 | 55,71 |
| | | | |
| **Вкупно избрани:** | | 70 | |







Од страна на Судскиот совет на РМ во текот на 2009 година се избрани вкупно 12 претседатели на судови од кандидатите кои доставиле пријава кон која се приложува и програмата за работа на судот во текот на мандатот за претседател. Со одлука на Советот избрани се претседатели во следните судови: претседател на Основен суд Делчево, претседател на Основен суд Берово, претседател на Основен суд Велес, претседател на Основен суд Виница, претседател на Основниот суд Гевгелија со одделение Валандово, претседател на Основен суд Крива Паланка, претседател на Основен суд Кавадарци, претседател на Основен суд Кичево со одделение Македонски Брод, претседател на Основен суд Неготино, претседател на Основен суд Скопје 2 Скопје, претседател на Основен суд Прилеп и претседател на Основен суд Штип со одделение пробиштип. Од избраните претседатели 10 се Македонци, 2 се Албанци, од нив 10 се мажи и 2 се жени.

| Избрани претседатели на судови од Судски совет на РМ |
|---|

| | Вкупно | % |
|---|---|---|
| **Националност** | | |
| Македонец | 10 | 83,33 |
| Албанец | 2 | 16,67 |
| **Пол** | | |
| машки | 10 | 83,33 |
| женски | 2 | 16,67 |
| | | |
| **Вкупно избрани:** | 12 | |







Согласно со член 46 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.60 од 15.5.2006 година), изборот и разрешувањето на судиите поротници по предлог на претседателот на надлежниот основен и апелационен суд го врши Советот. Со одлука на Судскиот совет на Република Македонија, согласно со член 44 став 2 од Законот за судовите и член 46 став 2 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија е утврден бројот на судиите поротници во сите основни и апелациони судови во Република Македонија, по претходно прибавено мислење од седница на основните и апелационите судови, на вкупно 3611 судии поротници.

Во текот на 2010 година се донесени одлуки за избор, разрешување и престанок на функцијата судија поротник. Врз основа на доставени предлог-листи од страна на претседателите на надлежните основни и апелациони судови, со одлуки на Советот, во текот на 2010 година се избрани вкупно **118** судии поротници за судовите во Република Македонија и тоа 40 судии поротници се избрани во Основниот суд Скопје 1 Скопје, 18 судии поротници во Основниот суд Скопје 2 Скопје, 30 во Основниот суд Гевгелија и 30 во Основниот суд Дебар. При изборот на судии поротници Советот водеше сметка да се обезбеди соодветна правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници.

Воедно се донесени одлуки со кои е утврден престанок на функцијата судија поротник поради истек на мандатот за кој се избрани и тоа за вкупно 71 судии поротници, на 38 судии поротници им е утврден престанок на функцијата по нивно барање, 7 поради навршување на 60 години старост, за 18 судии поротници е утврден престанок на функцијата поради недавање свечена изјава пред стапување на должност и за 2-ца поради смрт.

# ПОВЕДЕНИ И ЗАВРШЕНИ ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА

Во надлежност на Судскиот совет е и да утврдува престанок на судиска функција, да го разреши судијата од вршење на судиската функција поради потешка дисциплинска повреда или поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција, да одлучи времено да го отстрани судијата од вршење на судиската функција, одлучува за одземање имунитет на судија и за одобрување за определување мерка притвор на судија.

Судскиот совет постапките за утврдување одговорност на судиите ги водеше согласно со Уставот, законите и подзаконските акти во кои се инплементирани надлежностите на Судскиот совет.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија ( „Службен весник на Република Македонија“ број 150/2010 ) се уреди дисциплинската постапка за утврдување дисциплинска одговорност на судија, како и постапката за утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Постапката за утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција како и дисциплинската постапка е итна ,од доверлив карактер и се води без присуство на јавноста, со тоа што значајна новина утврдена со измените на законот е тоа што по барање на судијата против кој се води постапката, Судскиот совет ќе дозволи присуство на јавноста на седниците на кои се расправа по барањата за утврдување одговорност на судијата.

Поведените постапки за утврдување одговорност на судија во вршење на судиската функција најчесто се по барање поднесено од страна на членови на Советот, како и од страна на претседател на суд и другите овластени подносители. Во барањето се наведуваат причините за основаноста за поведување постапка за утврдување одговорност, како и се доставуваат докази врз кои се заснова барањето а кои треба да се изведат на расправата. Од спроведената анализа на досега поведените и завршени постапки за утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција, се констатира дека постапките се водени и одлуките за разрешување судијата се донесени најмногу согласно со член **75** став 1 алинеја **1, 2 и 3** од Законот за судовите.

Во текот на **2010 година**, вкупно се поведени **15** постапки за утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Од нив со правосилна одлука на Советот се завршени вкупно **8** постапки за нестручно и несовесно вршење на судиската функција, од кои **2** со одлука за разрешување на судијата поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција, **6** постапки се запрени а **7** постапки се се уште во тек. Од запрените постапки за тројца судии донесена е Одлуката за запирање на постапката бидејќи не е најден законски основ за одговорност на судиите. Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет (Сл. весник на РМ бр.150/10), во текот на две постапки поведени за утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција е донесена одлука за запирање на постапката поради настапување застареност согласно со член 78 став 1 и став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет, а во една постапка констатирано е повлекување на барањето од страна на овластениот подносител.

Исто така во текот на 2010 година правосилно се завршени **5** постапки за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција од кои 1 поведена во 2008 година и 4 поведени во текот на 2009 година, со тоа што Одлуките за разрешување на судијата поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција донесени од Судскиот совет се потврдени со Одлука на жалбениот совет при Врховниот суд на Република Македонија. Во една пак постапка поведена во текот на 2009 за нестручно и несовесно вршење на судиската функција во текот на 2010 година е донесена Одлука за престанок на судиската функција по сопствено барање, бидејќи од страна на судијата во текот на постапката за нестручно и несовесно вршење на судиската функција е поднесено барање за престанок на судиската функција согласно со член 73 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите и член 47 став 1 точка 1 од Законот за Судскиот совет на РМ. Воедно, во текот на 2010 година во работа има една дисциплинска постапка.

| Постапки за утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | Поведени постапки | Разрешени судии | | | Запрени постапки | Завршени постапки | Постапки во тек |
| | | Со одлука на Советот | По сопствено барање (оставка) | Вкупно разрешени | | | |
| 2007 | 25 | 12 | 3 | 15 | 10 | 25 | 0 |
| 2008 | 15 | 9 | 2 | 11 | 4 | 15 | 0 |
| 2009 | 11 | 4 | 1 | 5 | 5 | 10 | 1 |
| 2010 | 15 | 2 | 0 | 2 | 6 | 8 | 7 |
| Вкупно: | 66 | 27 | 6 | 33 | 25 | 58 | 8 |

| Постапки за утврдување дисциплинска одговорност | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Година | Поведени постапки | Изречени дисциплински мерки | Запрени постапки | Завршени постапки | Постапки во тек |
| 2007 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 2008 | 4 | 2 | 1 | 3 | 1 |
| 2009 | 3 | 1 | 2 | 3 | 0 |
| 2010 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно: | 8 | 3 | 4 | 7 | 1 |

| Постапки за утврдување трајно губење на способноста за вршење на судиската функција | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Година | Поведени постапки | Разрешени судии | Запрени постапки | Завршени постапки | Постапки во тек |
| 2007 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2008 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2009 | 2 | 2 | 0 | 2 | 0 |
| 2010 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно: | 2 | 2 | 0 | 2 | 0 |

Согласно со член 59 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија, а со стапување во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет (Сл. весник на РМ бр.150/10) и согласно со член 61 и член 86 од овој закон, Советот може времено да отстрани судија од вршење судиска функција кога е поведена постапка за утврдување одговорност на судијата, согласно со Законот за судовите.

Со донесување одлука за поведување постапка, во **6** постапки ,за утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција во **1** постапка за дисциплинска одговорност на судијата донесени се и одлуки за времено отстранување од вршење на судиската функција до правосилно окончување на постапката, согласно со член 67 од Законот за судовите.

Воедно во текот на 2009 година се донесени и одлуки за престанок на судиската функција по други основи и тоа **4** по сопствено барање, на **17** судии е констатиран престанок на судиската функција поради исполнување услови за старосна пензија и за еден судија е констатиран престанок на судиската функција поради настапување смрт.



# КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО

Согласно со член 44 од Законот за судовите и член 31 алинеја 12 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија со одлука го утврдува бројот на судиите во секој суд, а по прибавено мислење од Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија и мислење од седница на судиите на соодветниот суд. Согласно со донесените одлуки на Советот за утврдување и за зголемување бројот на судиите во судовите во Република Македонија, вкупниот број на судиски места во судовите во Република Македонија е утврден на 709 судиски места, од кои според состојбата во текот на 2010 година се пополнети 682 судиски места, а 36 судиски места останале непополнети**.** Непополнетите судиски места се во: АС Гостивар 2 - судиски места, АС Скопје – 4 судиско место, АС Штип - 1 судиско место, ОС Велес – 1 судиско место, ОС Виница – 2 судиски места, ОС Гевгелија – 3 судиски места, , ОС Делчево – 1 судиско место, ОС Кавадарци – 2 судиски места, ОС Кичево – 2 судиски места, ОС Кочани – 2 судиски места, ОС Крива Паланка – 1 судиско место, ОС Крушево – 1 судиско место, ОС Прилеп – 1 судиско место, ОС Свети Николе – 1 судиско место, ОС Струмица – 1 судиско место и ОС Штип – 2 судиски места. Во бројот на пополнети судиски места е вклучен и бројот на судии на кои им мирува судиската функција.

Обемот, квалитетот и степенот на развој на човечките ресурси и нивниот потенцијал е услов за функционирањето, независноста и ефикасноста на судската власт. Имајќи предвид дека судиската функција е носечкиот столб во обезбедувањето и заштитата на правдата, човековите права и слободи, обезбедувањето на соодветни услови од сите аспекти за непречено реализирање на истата е дефинирано како приоритет.

Во однос на кадровската состојба во судството во текот на 2010 година, како и претходните години, беше присутен проблемот од недоволен број на:

- раководен, стручен и административно-технички кадар кој е директно во функција на судиите и остварувањето на нивната функција (стручни соработници, дактилографи, раководители на оддели, доставувачи, и сл.),
- стручни кадри од областа на односи со јавност, областа на човечките ресурси, јавна внатрешна финасиска контрола, стратешко планирање и сл. односно кадри кои не се директно во функција на судиската функција, но кои современите текови на функционирање на институциите го наметнуваат како потреба.

Во рамките на реформите на судскиот систем, Судскиот совет заедно со Судскиот буџетски совет се залага и ги поддржува активностите за надминување на ваквите состојби, особено настојувањето секој судија да има свој стручен соработник, а се со цел за зголемување на ажурноста и ефикасноста на судовите, како и зајакнување на човечките ресурси и правичната застапеност на припадниците на заедниците во судската власт.

На 31.12.2010 година во единките корисници на судска власт се вработени 2364 лица - судски службеници, државни службеници и други вработени (без судии и членови на Судскиот совет на РМ и Директорот на Академијата за судии и јавни обвинители).

Во 2010 година продолжија да се применуваат антикризните мерки на Владата на Република Македонија во делот на замрзнување на сите вработувања во јавниот сектор во Република Македонија, при што во единките корисници на судска власт не се пополнуваа трајно испразнетите работни места во 2010 година (по основ на пензија, отказ, избор за судија или обвинител и сл.), а не се реализираа ниту вработувања по НПАА програмата.

Состојбата со кадровската состојба се подобри по донесување на Одлуката на Владата на Република Македонија за трансформација на привремените вработувања во вработувања на неопределено време, при што во судската власт се реализираа вкупно 104 вработувања на стручни, административни службеници и работници и тоа:

- за администрација на Судскиот совет на Република Македонија 2 вработувања;
- за судска администрација 101 вработување;
- за Академија за обука на судии и јавни обвинители 1 вработување.

Во рамките на овие вработувања, се заокружи процесот на вработување информатичари во сите судови, што како потреба го наметна воведувањето на АКМИС системот за електронска евиденција на судските предмети.

Во текот на 2010 година на ниво на судска власт вкупно беа реализирани 114 вработувања на неопределено време и 17 вработувања на определено време. Во исто време, трајно се испразниле вкупно 129 работни места на ниво на судска власт од кои: 45 - по основ на пензионирање, 2 - по основ на отказ и 82 - престанок на работен однос по други основи.



## МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Согласно со Законот за судски буџет, Судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и трошоците на судската власт што ги утврдува Собранието на РМ и е наменет за финансирање на судската власт. Судскиот буџет е дел од Буџетот на РМ ,издвоен како посебен дел означен со Судска власт.

Судскиот буџет содржи две програми

- програма 20-судска администрација која ги опфаќа средствата за финансирање на активностите и функциите на Судскиот совет на РМ, Врховниот суд на РМ, Управниот суд, апелационите судови и основните судови со проширена и основна надлежност

- програма 30-Академија за обука на судии и јавни обвинители ги опфаќа средствата за финасирање на активностите на Академијата.

Во 2010 година вкупно одобрениот буџет за судската власт за двете програми изнесуваше 1,743,901,000 денари. Структурата на средствата по категории е следната:

| **кат** | **назив** | **буџет** | **%** | **Конечна состојба** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци | 1.483.188.000 | 85.05 | 1.476.735.000 | 84.68 |
| 42 | Стоки и услуги | 226.603.000 | 12.99 | 232.578.000 | 13.34 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 9.950.000 | 0.57 | 10.428.000 | 0,59 |
| 48 | Капитални расходи | 24.160.000 | 1.39 | 24.160.000 | 1,39 |
| | Вкупно | 1.743.901.000 | 100.00 | 1.743.901.000 | 100,00 |

Во текот на годината се изврши една измена и дополнување на буџетот на РМ (Сл. весник на РМ бр.95 од 16.6.2010 година) со што и буџетот на судската власт претрпе измени во обемот и структурата. Исто така беа извршени и неколку пренамени на ставки со кои се интервенираше во насока на подмирување на обврските и обезбедување максимална реализација на буџетот. Процентот на вкупната реализација во висина од **99,42 %** и е во согласност со приоритетот на Судскиот буџетски совет и судската власт за максимална реализација на судскиот буџет.

**Со категоријата 40** – Плати и надоместоци од плати се обезбедија средства за исплата на плати и надоместоци од плати на вработените во судската власт (судии и судска администрација), новоизбраните судии и за новите вработени лица согласно со Одлуката на Владата на РМ за трансформација на привремените вработувања во вработувања на неопределено време.

**Со категоријата 42-стоки и услуги** се обезбедуваат средства за тековно работење на судовите. Најголем дел од средствата согласно со одлуката на Судски буџетски совет бр. 02-41/3 од 28.01.2010 година беа одобрени како буџети на единките корисници на судската власт со кои менаџира секој суд самостојно, а дел од средствата беа наменети за централизирани плаќања од судскиот буџет за потребите на единките корисници. Распределбата на буџетот по единки корисници се изврши согласно со усвоените Критериуми и методологија за распределба на судскиот буџет, при што особено се води сметка за надлежноста на судот, бројот на предмети во работа, бројот на судии, барањата на судовите, неизмирените обврски од претходната година и сл.

**Буџетот на категорија 46** е наменет за обезбедување средства за извршните и правосилните пресуди на товар на судскиот буџет, согласно со член 36 став 6 од Законот за судови за реализација на правосилните пресуди за повреда на правото за судење во разумен рок, а согласно со Законот за извршување на буџетите за остварување на правата на вработените во судската власт од работен однос.

Во 2010 година Судскиот буџетски совет продолжи со постапување по доставени решенија од Врховниот суд на Република Македонија за повреда на правото на судење во разумен рок, при што од Судскиот буџет беа исплатени правични надоместоци по 101 решение на Врховниот суд на Република Македонија во вкупен износ од 4.867.650,00 денари.

Процентот на реализација на оваа категорија изнесува 92.23 %.

**Категоријата 48** Капитални инвестиции се реализира согласно со Годишната програма за инвестирање од буџетот судска власт за 2010 година и опфати инвестициони активности за подобрување на условите за работа на вработените во судските институции, а во насока на поддршка на реформите на судството во Република Македонија.

Како поголем капитален проект во 2010 година се издвојуваат градежните работи за реконструкција на фасадата и ходниците во судската зграда во Гостивар, кои беа спроведени за заокружување на инвестиционите активности за реновирање и опремување на Основниот суд Гостивар во рамките на Проектот за правна и правосудна имплементација и институционална поддршка. Освен тоа, во 2010 година беше завршено и опремувањето со мебел на Апелациониот суд Гостивар, со што конечно целосно се обезбедени просторни услови за работа на овој суд.

Во врска со подобрувањето на информатичката инфраструктура на судовите, како неопходна претпоставка во рамките на евроинтегративните процеси, со средства од Судскиот буџет беше завршен проектот за доградба, поправка и уредување на физичките мрежи (ЛАН) во судовите.

Процентот на реализација на оваа категорија изнесува 99,06 %.

## АНКЕТА ЗА МЕРЕЊЕ НА ЗАДОВОЛСТВОТО НА ГРАЃАНИТЕ ОД РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ

Во текот на 2010 година континуирано продолжи да се спроведува анкета за мерење на задоволството на граѓаните од работата на судовите за што во периодот мај-јуни беше спроведен третиот круг на анкетата. Нивото на задоволство на јавноста од работењето на судовите изнесуваше 79,57%. Следната анката се спроведе во периодот

ноември-декември 2010 година, при што нивото на задоволство на јавноста од работењето на судовите изнесуваше 83,83%.

Спроведувањето на анкетата има за цел преку добиените резултати од судовите, да се согледа општото мнение на јавноста, за работата на судовите како и за квалитетот на услугите што тие им ги нудат на своите корисници.

Анкетирањето е анонимен процес, кој континуирано се врши два пати во тековната година, на секој шест месеци од страна на обучените анкетни тимови во судовите спрема анкетираната популација.

Резултатите од сите досегашни спроведени анкети во основните судови, ја покажуваат следната моментална состојба во судството:

| **Циклус на анкетирање** | **Период на спроведување** | **Ниво на задоволство** |
|---|---|---|
| 1 | јануари-март 2008 год. | 69,73 % |
| 2 | септември-ноември 2008 год. | 78,00 % |
| 3 | март-април 2009 год. | 82,18 % |
| 4 | октомври-ноември 2009 год. | 83,61% |
| 5 | мај- јуни 2010 год. | 79,57% |
| 6 | ноември-декември 2010 год. | 83,83% |

# ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА

Судскиот совет на Република Македонија, како единка корисник на буџетски средства од втора линија, за своето работење финансиските средства ги добива единствено од Буџетот на Република Македонија, преку Судскиот буџетски совет. За календарската 2010 година за функционирањето на овој орган се потрошени финансиски средства во износ од 37.370.806,00 денари, кои во споредба со трошоците во 2009 година кои изнесуваaa 35.663.117,00 претставува минимално зголемен Буџет искажан во проценти во износ од 0,95%.

Бројот на вработени во текот на 2010 стагнираше, не бележи тренд на пораст, освен што се спроведе трансформирање на 2 вработени коишто преминаа од статус на привремени вработени во редовен работен однос, така што бројот на сите вработени на крајот на годината изнесува 47 од кои 13 се функционери членови на Советот. Во поглед на избраните членови настана промена во составот на 2 функционери заради редовно пензионирање и тоа еден е избран од Собранието на Република Македонија и еден избор е спроведен од страна на Комисијата за избори при Судскиот совет, од редот на судиите кои се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Во календарската 2010 година од стручната служба повеке вработени беа отсутни заради подолготрајно боледување, патолошка бременост и породилно отсуство.

За остварување на работите од својот делокруг, утврдени со амандманите од Уставот на Република Македонија и Законот за Судскиот совет, во изминатата фискална година имаше реализација на финансиски средства во износ од 37.370.806,00 денари при што се испочитувани принципите на рационално, ефикасно и строго наменско трошење, имајки ја предвид рестриктивната буџетска политика и светската економска криза.

Во извештајот е даден преглед на потрошените финансиски средства по ставки и расходни конта:

**Преглед на реализирани финансиски средства по расходни конта за 2010 година.**

процент

1. Вкупно средства добиени од Буџетот на РМ **37.412.539,00 денари 100 %**
2. Потрошени средства-остварени расходи **37.370.806,00 денари 99.89%**
3. Добиени, а непотрошени средства во износ **41.733,00 денари 0.11**%,

**Потрошените средства се за следните расходи:**

1. Основни плати и персонален данок 23.125.233,00 денари
2. Придонеси за ПИО, здравство,вработување 8.589.681,00 денари
3. Останати придонеси 61.989,00 денари

**Вкупно за плати и надоместоци 31.776.903 ,00 денари**

**Потрошените средства се за следните расходи конта:**

**одобрени реализирани остаток**

4. дневници за службен пат 77.500,00 65.497,00 12.003,00
5. пошта,телефон,бензин 2.793.400,00 2.785.932,50 7.468,00
6. канцелариски материјал,списанија
 средства за хигиена и др. 800.00,00 797.348,00 2.652,00
7. поправка , одржување на
 софтвер,возила и опрема 896.000,00 884.235,00 11.765,00
8. договорни услуги-закуп 353.000,00 352.623,00 377,00
9. расходи за репрезентација,
 огласи за избор на судии 210.000,00 202.570,00 7.430,00
10. привремени вработувања 340.100,00 340.062,00 38,00
11. разни трансвери 165.636,00 165.636,00 0,00

**Вкупно 5.635.636,00 5.593.903,00 41.733,00**

Од прегледот се гледа дека во структурата на потрошените финансиски средства од страна на Советот, најголем дел отпаѓа на платите и обврските од плата на вработените, и расходното конто **421-Комунални услуги,греење и комуникација** во износ од 2.793.400,00 што претставува околу 50% од севкупните средства потрошени во годината, од кои најголем дел се за парно греење, електрична енергија и за реални патни трошоци за избраните членови кои се од внатрешноста.

Врз основа на Договор за јавна набавка на услуга бр. 07-12/19 од 30.08.2010 и 055-10 од 26.08.2010, во оваа фискалната година од ставката 423910 од финансиските средства на Судскиот совет беа набавени и докомплетирани судските легитимации за сите судиите во судовите, со спроведена постапка со прибирање на понуди со објавување на оглас од страна на Комисијата за јавни набавки, во износ од 372.465,00 денари.

Во текот на 2010 на категоријата 48-капитални расходи, согласно Годишната програма за инвестирање од Буџетот за судска власт во судовите бр.01-97/8 од 28.01.2010 год. и измената на Годишната програма за инвестирање во судовите за 2010, донесени од страна на Судскиот буџетски совет, со решенија се обезбедени финансиски средства за капитални набавки за 2010, за потребите на Судскиот совет.

Со распределба на финансиски средства од Буџетот на Република Македонија за 2010 година од страна на Судскиот буџетски совет, за потребите на Судскиот совет , се обезбедија средства за категорија 48-и тоа набавка на софтвер или доградба на истиот во износ од 814.636,00 денари и тоа апликација за архивско работење, регистар за водење на судии и судии поротници и развој и надградба на систем за следење и оценување на работата на судиите. Исто така извршена е набавка на лиценци за FIREWALL, информатичка опрема за безбедност и заштита на податоци, во износ од 141.061,00 денари. Од категоријата 48-капитални расходи потставка 483/483290-

купување на друга опрема извршена е набавка на микрофони за во салата за седници во износ од 88.841,00. Извршена е набавка на клима уред и телефакс во износ од 46.480,00 денари. Сите овие набавки, зависно од износите, се извршени со спроведување постапка за јавни набавки согласно со Законот преку Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии.

Од USAID - Агенција на САД за меѓународен развој, со договор за пренос на сопственост во рамки на Проектот за имплементација на судски реформи на Судскиот совет е отстапена ИТ опрема составена од 15 персонални компјутери MSI NetON AP1900 и софтверска компонента за електронско работење со претставки, доставени од незадоволните странки до Судскиот совет, а во врска со работењето на судиите, во вкупен износ од 1.016.368,00.

Со одлука на Владата на Република Македонија објавена во („Службен весник” на Република Македонија бр.80/10), на Судскиот совет се даваат на трајно користење, без надомест, недвижните ствари објектот – „Тетекс”евидентиран на КП бр.12058, имотен лист бр.9314 и тоа први кат со површина од 687 м2, сопственост на Република Македонија. Врз основа на оваа одлука и известувањето од Службата за општи и заеднички работи при Владата на Република Македонија, број 16-4721/1 од 27.08.2010 година, во книговотствената евиденција на Судскиот совет е внесен дел од објектот и тоа со сегашна вредност во износ од 41.373.853,00, почнувајки од 01.7.2010 година.

# ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ

Советот е надлежен да постапува по претставките и поплаките на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите.

Од извршената анализа на податоците во текот на извештајната година интезитетот на прилив на претставки од страна на граѓаните и институциите кои укажуваат на незаконито работење на судиите и судовите во Република Македонија го следи трендот од 2009 година.

Имено, во текот на 2010 година вкупно во работа имало 1581 оформени предмети по претставки**.** По сите предмети е постапено со тоа што се завршени 1310 предмети, а во работа останале 271 предмети.




Број на претставки по судови:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | **ОС Берово** | **16** | 1,0 % |
| 2 | **ОС Битола** | **117** | 7,1 % |
| 3 | **ОС Велес** | **89** | 5,4 % |
| 4 | **ОС Виница** | **8** | 0,5 % |
| 5 | **ОС Гевгелија** | **37** | 2,2 % |
| 6 | **ОС Гостивар** | **58** | 3,5 % |
| 7 | **ОС Дебар** | **9** | 0,5 % |
| 8 | **ОС Делчево** | **11** | 0,7 % |
| 9 | **ОС Кавадарци** | **40** | 2,4 % |
| 10 | **ОС Кичево** | **32** | 1,9 % |
| 11 | **ОС Кочани** | **31** | 1,9 % |
| 12 | **ОС Кр. Паланка** | **22** | 1,3 % |
| 13 | **ОС Кратово** | **23** | 1,4 % |
| 14 | **ОС Крушево** | **2** | 0,1 % |
| 15 | **ОС Куманово** | **93** | 5,6 % |
| 16 | **ОС Неготино** | **14** | 0,8 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17 | **ОС Охрид** | **66** | 4,0 % |
| 18 | **ОС Прилеп** | **38** | 2,3 % |
| 19 | **ОС Радовиш** | **21** | 1,3 % |
| 20 | **ОС Ресен** | **9** | 0,5 % |
| 21 | **ОС Скопје 1** | **99** | 6,0 % |
| 22 | **ОС Скопје 2** | **286** | 17,3 % |
| 23 | **ОС Струга** | **30** | 1,8 % |
| 24 | **ОС Струмица** | **53** | 3,2 % |
| 25 | **ОС Св. Николе** | **16** | 1,0 % |
| 26 | **ОС Тетово** | **44** | 2,7 % |
| 27 | **ОС Штип** | **58** | 3,5 % |
| 28 | **АС Битола** | **60** | 3,6 % |
| 29 | **АС Гостивар** | **30** | 1,8 % |
| 30 | **АС Скопје** | **82** | 5,0 % |
| 31 | **АС Штип** | **27** | 1,6 % |
| 32 | **УС Скопје** | **38** | 2,3 % |
| 33 | **ВСРМ** | **38** | 2,3 % |
| | **Без ознака за суд** | **54** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно:** | **1651** |




Како подносители на претставките се јавуваат физички лица, правни лица, невладини организации и непрофитабилни здруженија на граѓани, сојузи, адвокати и сл. Советот постапувше и по претставки препратени на надлежност од други државни институции од кои најбројни беа од Министерството за правда и Државна комисија за спречување корупција. Исто така Советот постапуваше и по анонимните претставки, во смисла на тоа дека се испитуваа наводите во тие претставки и се преземаа дејствија по истите доколку постоеа индиции за нивна основаност.

| 1. Физички лица | |
|---|---|
| Вкупно: | 1279 |

| 2. Правни лица | |
|---|---|
| АД | 39 |
| Доо | 30 |
| Дооел | 40 |
| ЈП | 8 |
| Други | 0 |
| Вкупно: | 112 |

| 3. Невладини организации и непрофитабилни здруженија на граѓани | |
|---|---|
| Вкупно: | 28 |

| 4. Државни институции (препратено на надлежност) | |
|---|---|
| Влада на РМ | 2 |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | 35 |
| Јавно обвинителство | 17 |
| Министерство за правда | 304 |
| Народен правобранител | 11 |
| Собрание на РМ | 8 |
| Вкупно: | 377 |

| 5. Анонимни | |
|---|---|
| Вкупно: | 49 |




Основ за поднесување на претставките е одолжувањето на постапките, поради неажурност и неекономичност на постапката, незакажување расправа или претрес, ненавремено изготвување на одлуките, неизвршување правосилни судски одлуки и

други одлуки кои имаат својство на извршни исправи, ненавремено доставување на обжалените одлуки до повисоките судови и слично.

Во случај кога од наводите во поднесените претставки од физички и правни лица произлегуваше дека Советот не е надлежен, на подносителите им беше одговорено дека не се најдени основи за постапување на Судскиот совет во рамките на неговите надлежности предвидени со Устав и закон, со поука кој е надлежен за евентуално постапување (Основно јавно обвинителство, Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Јавно правобранителство и слично).

За поефикасно, квалитетно и ажурно следење на работата на судовите, согласно со член 12 од Деловникот за работа на Судскиот совет беше изготвен распоред за работа со кој се утврди кои членови на Советот за кои судови ќе ја следат работата, притоа водејќи сметка да не биде распореден член на Советот во судот од кој произлегува.

Имајќи ги предвид одредбите од Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РМ“ бр. 82/2008) и Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите („Службен весник на РМ„ бр. 2/2009), по поднесените претставки од граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите, а согласно со надлежноста на Судскиот совет на Република Македонија постапуваат членовите на Судскиот совет на Република Македонија во соработка со државните советници во Советот.

Новина во постапувањето со преставките и поплаките ,внесена со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија, а која придонесува за зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето на Советот е член 3 став 2 и 3 од измените на законот во кој се предвидува дека Советот најмалку еднаш месечно расправа поединачно по сите претставки и поплаки поднесени од граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите како и за одолжување на судските постапки, со што согласно законот овие седници се јавни.

Поради сериозноста на претставките членот на Судскиот совет определен за координатор за следење на работата на соодветниот суд доколку оцени дека наводите во претставките поднесени од граѓаните и правните лица за работата на судијата по конкретен предмет на соодветниот суд укажуваат на незаконитост во работењето на судијата, врши увид во предметот и по потреба се остваруваат работни средби во судот.

Претставките најчесто се повод од страна на членовите да се изврши увид во работата на судиите, со цел да се приберат податоци релевантни за оценка на стручноста и совесноста во постапувањето на судиите. Ова значи дека врз основа на наводите во претставките, од страна на Судскиот совет може да се иницира постапка за утврдување на стручноста и совесноста во вршењето на судиската функција на судиите.

Судскиот совет настојува ажурно да постапува по доставените претставки, но во извршувањето на работите од својот делокруг Судскиот совет е зависен од брзината на добивањето одговори од судовите и другите институции до кои се обраќа, а без кои не е можно решавање на претставката. Советот објективно, неселективно и ажурно постапуваше по претставките и предметите, како во однос на подносителот така и во однос на проблемот или лицата за кои тие се однесуваа, со што дава свој придонес за зајакнување на довербата на граѓаните во судството.

# ОЦЕНА ЗА СОРАБОТКАТА И ОДНОСИТЕ НА СУДОВИТЕ СО ДРУГИТЕ ПРАВОСУДНИ ОРГАНИ И ОРГАНИТЕ НА ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

Во текот на 2010 година Судскиот совет ја продолжи успешната соработка со правосудни и други органи и организации на законодавната и извршната власт. Ваквата соработка произлегува од потребата на Судскиот совет да може непречено да ја врши својата функција предвидена во Законот за Судскиот совет на Република Македонија.

Во таа насока се продолжи соработката помеѓу Судскиот совет на Република Македонија и Министерството за правда, Јавното правобранителство, Народниот правобранител, Државната комисија за спречување корупција, Анти-корупциска комисија и други институции а во врска со доставените претставки од страна на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите. Честопати се јавува потреба од прибавување информации од Министерство за внатрешни работи, Јавното правобранителство и Јавното обвинителство, заради постапување по одредена претставка, со цел за правилно одлучување по истата.

Не помалку значајна е и соработката со Министерство за финансии, Агенцијата за државни службеници, Здружението на судии, Здружението на судска админстрација, Советот на судска служба, домашни и меѓународни организации и сродни инстируции, донатори (УСАИД, Европската комисија, Светска банка, итн), во делот на размена на информации и планирање на активности кои се однесуваат на оперативното работење на Советот како и планирање и реализација на заеднички проекти за унапредување на работењето на Судскиот совет.

Особено треба да се нагласи соработката на Судскиот совет на Република Македонија со Академијата на судии и јавни обвинители како и со Советот за јавни обвинители. Соработката со овие две институции произлегува покрај од законските надлежности и од приоритетите утврдени во Акцискиот план што Владата на Република Македонија го донесе по повод спроведување на препораките содржани во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2010 година. Оттука, Судскиот совет на Република Македонија во координација со Академијата за судии и јавни обвинители и Советот на јавните обвинители на Република Македонија, почна активности во насока на подготовка на Стратешки план за утврдување на потребниот број на судии и јавни обвинители за периодот од 2011 до 2013 година и нивно пополнување. Еден од приоритетите во унапредувањето на соработката на Советот со Академијата за судиите е координирање на активностите во однос на размена на податоците за учеството на судиите во континуираната едукација преку поврзување на базата на податоцизa судиите од двете институции како и преку редовни состаноци заради координација на активностите.

Во делот на остварувањето на соработката и односите со судовите која произлегува пред се од надлежностите на Судскиот совет согласно со законот, од страна на членовите на Судскиот совет како координатори на судовите, и покрај недостатокот на финансиски средства и логистика беа вложени дополнителни напори за остварување редовни работни посети на судовите, преку кои ги согледуваа состојбите во соодветниот суд и тековните проблеми и во рамките на своите

надлежности потоа беа преземани соодветни активности заедно со претседателите на судовите за нивно надминување.

Воедно од страна на членовите на Судскиот совет беше констатирана потребата од интензивирање на соработката со претседателите на судовите и судиите во Република Македонија, за одредени состојби во судовите. Целта на овие активности е да се придонесе во зголемувањето на довербата на граѓаните кон судската власт, зголемување на личната мотивација на судиите, овозможување понатамошен професионален развој, обезбедување јавност и транспарентност во одлучувањето, што се заедно придонесува за зголемување на независноста и самостојноста на судската власт и потврда на деполитизацијата на судството со акцент само кон лица и судии кои поседуваат високо стручни и професионални квалитети согласно со законот.

Во делот на развојот на соработката со судовите и другите институции Судскиот совет особено води сметка за транспарентноста и јавноста при реализацијата на активностите од надлежност на Советот, како и градење професионални кодекси во остварувањето на односите со јавноста, заштита на доверливите информации, а со тоа и угледот и достоинството на судиите.

Во делот на градењето и афирмацијата на транспарентност во работата на Судскиот совет на РМ, беа остварени следните активности:

Со реновирање на салата за одржување седници на Судскиот совет и нејзино опремување со микрофони на секое гласачко места, како и со монитор на кој се објавуваат резултатите од гласањето, се овозможи јавно следење на резултатите од секое гласање од страна на членовите на Советот, а со тоа и на целата работа на седниците на Судскиот совет. На овој начин се овозможи јавните седници на Советот непречено да ги следат и претставници на медиумите и други релевантни институции.

Преку отворање на интернет страницата на Судскиот совет овозможен е пристап на јавноста и медиумите во функционирањето на Судскиот совет.

Судскиот совет на Република Македонија обезбедува редовно и транспарентно објавување информации кои се однесуваат на неговите активности преку интернет страницата http://www.ssrm.mk. Најчесто се објавуваат и ажурираат информации за денот и часот на седниците на Советот со Предлог - дневниот ред од седниците, соодветни соопштенија по повод донесените одлуки од страна на Судскиот совет во однос на извршените избори и разрешувања на судиите, како и објавување на правосилните одлуки донесени од страна на Советот за утврдена одговорност на судиите во вршење на судиската функција. Исто така се објавуваат и останати информации за активностите на Советот во однос на редовното работење и други прашања од интерес за судството, а се со цел за зголемување угледот и достоинството на судската функција и зајакнување на довербата на граѓаните во судството. Исто така претседателот на Судскиот совет преку прес конфренции и соопштенија за медиумите редовно после секоја седница на Советот ,а и повремено по потреба, информира за одлуките донесени од страна на Судскиот совет, ги промовира резултатите, доставува информации за новите законски решенија, дава соопштенија за работата на судството и преземените реформски активности.

Една од заложбите на Судскиот совет е унапредување на структурата и перформансите на интернет-страницата, со што покрај транспарентност во работењето, треба да се постигне повисоко ниво на углед на институцијата што е ориентирана кон интеракција со јавноста и навремено информирање за работењето. Исто така една од заложбите е и печатење и промоција на годишни програмски и финансиски извештаи на Судскиот совет во јавноста.

Во текот на 2010 година Судскиот совет ја продолжи **с**оработката со Проектот на УСАИД за имплементација на судските реформи, при што треба да се истакнат следните активности:

- Изработка на Стратешкиот план на Советот 2010-2012. Процесот на стратешко планирање на Советот се состоеше од две работилници за стратешко планирање и неколку менторски сесии. Целиот процес се базираше на спроведување на анализа на надворешните и внатрешните аспекти на Советот, што резултираше во изработка на матрица на опфат , визија и мисија на Советот, како и идентификација на клучните прашања, кои служеа како рамка за насоките и приритетите кон кои ќе се движи Судскиот совет како дел од судската власт на среднорочен план. Воедно, при развојот на овој план во предвид беа земени и стратешките приоритети на Владата на РМ за интеграција во ЕУ и НАТО.
- Подготовка на Етички кодекс за членовите на Советот, кој е усвоен од страна на членовите на Судскиот совет на 93-та седница одржана на 7.12.2010 година**.** Целта на усвојувањето на Етичкиот кодекс за членовите на Судскиот совет, е дека носителот на вака висока функција сепак во себе носи и треба да има многу поголема самосвест и контрола во извршувањето на функцијата – член на Судски совет. Етичкиот кодекс и неговите начела треба да се разберат како израз на својата висока свест за значењето и улогата на оваа институција во обезбедувањето на независноста и самостојноста на судството на Република Македонија. Овој Кодекс е лична и професионална заложба на членовите на Советот да се однесуваат според принципите наведени во Кодексот. Начелата кои ги содржи овој Кодекс имаат за цел да поставаат основни стандарди кои ќе го раководат однесувањето на членовите на Советот и ќе им помогнат при поставувањето и одржувањето високо ниво на професионално однесување. Начела на етичкото однесување на членовите на Судскиот совет на Република Македонија се:

  - начело на непристрасност, трудољубивост и објективност;
  - начело на независност;
  - начело на чесност и личен интегритет;
  - начело на професионалност;
  - начело на доверливост;
  - начело на јавност и
  - начело на одговорност.

- Заедннички активности во насока на зголемување на отчетноста и транспарентноста на Судскиот совет каде е значајно да се спомене обуката за членовите на Судскиот совет на тема „Односи со јавност и медиумите„ како и издавањето на брошурата „Алатки за промовирање на работата на судовите“ во партнерство со Судскиот совет.

- Проектот на УСАИД за имплементација на судските реформи исто така го поддржа јакнењето на капацитетите на Стручната служба на Судскиот буџетски совет, како и подготовка на студија за финансирање на судството.

# ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО

Соглано со член 64 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија, годишниот извештај содржи и оцени за работата на судиите во Република Македонија во однос на квалитетот и ажурноста на нивната работа, како и други прашања во врска со остварувањето на независноста и самостојноста на судството.

Судскиот совет и во текот на 2010 година продолжи со активностите во делот на следењето и оценувањето на работата на судиите. При тоа беа преземени бројни активности за унификација на статистичките извештаи за работата на судовите, тримесечни и годишни и примена на индикатори на успешност при следење и оценување на работата на судовите преку изготвување образец со индикатори за квартално и годишно известување за работата на судовите.

Во оваа насока во Судскиот совет е изработено ново софтверско решение за водење регистар за судии и судии поротници, како и софтверско решение кое ќе генерира унифицирани статистички податоци и извештаи за следење и оценување на работата на судиите и претседателите на судовите почнувајќи од 2011 година, преку поврзување на базата на податоци на Судскиот совет со автоматизираниот систем за работа со судски предмети ACCMIS. На ваков начин се комплетира електронското досие на судијата и се следат неговите редовни и дополнителни активности во врска со вршењето на судиската функција во судот.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 150/10), се пропиша постапката и се дефинираат објективни и мерливи критериуми за следењето и оценувањето на работата на судиите, со цел да се отстрани можноста за евентуална субјективност и пристрасност при оценувањето. Имено со законот прецизно се регулира постапката, целите и методите на следење и оценување на работата на судиите, квантитативните и квалитативните критериуми за судиското работење како и елементите за пресметување на оценката.

Врз основа на сето ова а согласно со член 101 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет од страна на Советот беше утврдена формата и содржината на образецот во кој се содржани податоците и информациите за работата на судијата и претседателот на судот,  кој се пополнува еднаш месечно ,а се однесуваат на квантитативни и квалитативни критериуми, непосредно следење, дополнителни и посебни критериуми во врска со вршење на функицијата ,а утврдени со овој закон.

Постапката за оценување на работата на судиите и претседателите на судовите за 2009 година Судскиот совет на Република Македонија ја започна со донесување одлука на седницата одржана на 29.11.2010 година со која се формираа Комисии од редот на членовите на Советот, за оценување на работата на судиите и претседателите на судовите за 2009 година за четирите апелациони подрачја, вклучувајќи го и

Управниот и Врховниот суд на Република Македонија. Од страна на формираните комисии, согласно со критериумите и мерилата утврдени со законот за оценка на работата на судиите беа изготвени предлози за оценка на работата на судиите и претседателите на судовите. Во предлозите беа содржани податоци и информации за квалитативните, квантитативните критериуми за работата на судијата и претседателот на судот, како и дополнителни посебни критериуми во вршењето на судиската функција согласно со законот, имајќи ги предвид и податоците од мислењата добиени од страна на комисиите формирани во секој суд пооделно согласно 126 и член 127 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 150/10).

Согласно горенаведеното, а имајќи ги превид и заклучоците за начинот на оценувањето донесени од страна на Советот на работните состаноци, на 96-та седница на Судскиот совет на РМ одржана на 25.1.2011 година, членовите на Советот започнаа со годишното оценување на работата на судиите и претседателите на судовите во Република Македонија за 2009 година. Оценувањето се вршеше по азбучен ред по апелационите подрачја. Судскиот совет одлуките за оценка на работата на судиите и претседателите на судовите ги носеше на неколку седници на Советот, одлучувајќи по претходно дадениот предлог од трichлената комисија формирана од членови на Советот, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот согласно со одредбите од член 98 до 129 Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија “ број 150/10).

Како резултат на спроведеното оценување, од страна на Судскиот совет на РМ се донесени одлуки за оценка на работата на 562 од вкупниот број на судии во Република Македонија за 2009 година, со следните резултати:

**Во Апелациониот суд Битола и основните судови на подрачје на Апелациониот суд Битола** се оценети вкупно 103 судија со следните оценки: во Апелациониот суд Битола оценети се вкупно 17 судии и сите се со оценка „многу добар“; во Основниот суд Битола оценети се вкупно 25 судии од кои 24 со оценка „многу добар“ и 1 со оценка „добар“; Основниот суд Крушево оценети се 4 судии од кои 3 со оценка „добар“ и 1 со оценка „задоволителен“; Основниот суд Охрид 14 судии се оценети со оценка „многу добар“ и 2 со оценка „добар“; Основен суд Прилеп 22 судии се оценети со оценка „многу добар“; Основен суд Ресен од вкупно 5 оценети судии, 2 со оценка „многу добар“ и 3 судии со оценка „добар“ и во Основниот суд Струга 12 судии се оценети со оценка „многу добар“ и 2 со оценка „добар“.

**Во Апелациониот суд Гостивар и основните судови на подрачје на Апелациониот суд Гостивар** се оценети вкупно 70 судии и тоа во Апелациониот суд Гостивар 10 судии со оценка „многу добар“; Основниот суд Гостивар 16 судии со оценка „многу добар“; Основниот суд Дебар 3 судии со оценка „многу добар“ и 2 судии со оценка „добар“; Основниот суд Кичево 6 судии со оценка „многу добар“, 6 со оценка „добар“ и 1 судија со оценка „задоволителен“; Основен суд Тетово 25 судии со оценка „многу добар“ и 1 судија со оценка „добар“.

**Во Апелациониот суд Скопје и основните судови на подрачје на Апелациониот суд Скопје** оценети се вкупно 231 судија со следните резултати: во Апелациониот суд Скопје од вкупно оценети 39 судии сите се со оценка „многу добар“; во Основниот суд Скопје 1 Скопје од 62 оценети судии сите се со оценка „многу

добар“; во Основниот суд Скопје 2 Скопје оценети се вкупно 73 судии од нив 69 со оценка „многу добар“ и 4 со оценка „добар“; во Основниот суд Велес 17 судии се со оценка „многу добар“ и 1 судија со оценка „добар“; во Основниот суд Гевгелија 5 судии со оценка „многу добар“ и 7 судии со оценка „добар“; Основниот суд Кавадарци 4 судии се оценети со оценка „многу добар“, 7 со оценка „добар и 4 со оценка „задоволителен“; во Основниот суд Кратово 3 судии се оценети со оценка „добар“ и 1 со оценка „задоволителен“; во Основниот суд Крива Паланка 1 судија е оценет со оценка „многу добар“, 6 судии со оценка „добар“ и 1 судија со оценка „задоволителен“; во Основниот суд Куманово 30 судии се оценети со оценка „многу добар“; во Основниот суд Неготино 4 судии со оценка „многу добар“ и 1 судија со оценка „добар“.

**Во Апелациониот суд Штип и основните судови на подрачје на Апелациониот суд Штип** оценети се вкупно 88 судии со следните резултати: во Апелациониот суд Штип оценети се вкупно 11 судии сите со оценка „многу добар“; во Основниот суд Берово 4 судии се оценети со оценка „многу добар“, 2 со оценка „добар“; во Основниот суд Виница 2 судии со оценка „многу добар“, 1 со оценка „добар“ и 1 со оценка „задоволителен“; во Основниот суд Делчево 4 судии со оценка „многу добар“; во Основниот суд Кочани 11 судии со оценка „многу добар“ и 2 судии со оценка „добар“; во Основниот суд Радовиш 7 судии со оценка „многу добар“ и 4 судии со оценка „добар“; во Основниот суд Свети Николе 5 судии со оценка „многу добар“; во Основниот суд Струмица од 24 оценети судии 22 се со оценка „многу добар“ и 2 со оценка „добар“; и во Основниот суд Штип оценети се вкупно 22 судии сите со оценка „многу добар“.

Исто така, од страна на Судскиот совет на Република Македонија беше спроведено и **оценување на работата на судиите во Врховниот суд на Република Македонија** каде беа оценети 17 судии сите со оценка „многу добар“, како и во **Управниот суд Скопје** во кој од вкупно 23 судии сите се оценети со оценка „многу добар“.

Од резултатите добиени од спроведеното оценување на работата на судиите во РМ за работата во 2009 година произлегува дека вкупно се оценети 562 судии, од нив 493 се оценети со оценка „многу добар“ или 87,72%, 60 се оценети со оценка „добар“ или 10,68% и 9 судии се оценети со оценка „задоволителен“, односно 1,60%. Од ова произлегува дека 98,4% од судиите се оценети со позитивна оценка или постигнале резултати согласно квантитативните и квалитативните критериуми на работењето и останатите мерила утврдени во законот.

# ОЦЕНУВАЊЕ НА СУДИИ ВО СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

| рб | Суд | Многу добар | % | Добар | % | Задоволи телен | % | Незадово лителен | % | Вкупно оценети | Вкупно места по систематизација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | 17 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 17 | 25 |
| 2 | Управен суд на РМ | 23 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 23 | 25 |
| | Апелациони судови | | | | | | | | | | |
| 3 | АС Битола | 17 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 17 | 27 |
| 4 | АС Гостивар | 10 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 10 | 15 |
| 5 | АС Скопје | 39 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 39 | 52 |
| 6 | АС Штип | 11 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 11 | 19 |
| | Вкупно: | 77 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 77 | 113 |
| | Основни судови Скопје I и II | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Скопје I Скопје | 62 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 62 | 73 |
| 2 | ОС Скопје II Скопје | 69 | 94,52 | 4 | 5,48 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 73 | 83 |
| | Вкупно: | 131 | 97,04 | 4 | 2,96 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 135 | 156 |
| | АС БИТОЛА - Основни судови | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Битола | 24 | 96,00 | 1 | 4,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 25 | 28 |
| 2 | ОС Крушево | 0 | 0,00 | 3 | 75,00 | 1 | 25,00 | 0 | 0,00 | 4 | 5 |
| 3 | ОС Охрид | 14 | 87,50 | 2 | 12,50 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 16 | 20 |
| 4 | ОС Прилеп | 22 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 22 | 24 |
| 5 | ОС Ресен | 2 | 40,00 | 3 | 60,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 5 | 5 |
| 6 | ОС Струга | 12 | 85,71 | 2 | 14,29 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 14 | 17 |
| | Вкупно: | 74 | 86,05 | 11 | 12,79 | 1 | 1,16 | 0 | 0,00 | 86 | 99 |
| | АС ГОСТИВАР - Основни судови | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Гостивар | 16 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 16 | 22 |
| 2 | ОС Дебар | 3 | 60,00 | 2 | 40,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 5 | 7 |
| 3 | ОС Кичево | 6 | 46,15 | 6 | 46,15 | 1 | 7,69 | 0 | 0,00 | 13 | 16 |
| 4 | ОС Тетово | 25 | 96,15 | 1 | 3,85 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 26 | 29 |
| | Вкупно: | 50 | 83,33 | 9 | 15,00 | 1 | 1,67 | 0 | 0,00 | 60 | 74 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **АС СКОПЈЕ - Основни судови** | | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Велес | 17 | 94,44 | 1 | 5,56 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 18 | 22 |
| 2 | ОС Гевгелија | 5 | 41,67 | 7 | 58,33 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 12 | 18 |
| 3 | ОС Кавадарци | 4 | 26,67 | 7 | 46,67 | 4 | 26,67 | 0 | 0,00 | 15 | 18 |
| 4 | ОС Кратово | 0 | 0,00 | 3 | 75,00 | 1 | 25,00 | 0 | 0,00 | 4 | 5 |
| 5 | ОС Крива Паланка | 1 | 12,50 | 6 | 75,00 | 1 | 12,50 | 0 | 0,00 | 8 | 9 |
| 6 | ОС Куманово | 30 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 30 | 37 |
| 7 | ОС Неготино | 4 | 80,00 | 1 | 20,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 5 | 7 |
| 8 | ОС Скопје I Скопје | 62 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 62 | 73 |
| 9 | ОС Скопје II Скопје | 69 | 94,52 | 4 | 5,48 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 73 | 83 |
| | Вкупно: | 192 | 84,58 | 29 | 12,78 | 6 | 2,64 | 0 | 0,00 | 227 | 272 |
| **АС ШТИП - Основни судови** | | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Берово | 4 | 66,67 | 2 | 33,33 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 6 | 6 |
| 2 | ОС Виница | 2 | 50,00 | 1 | 25,00 | 1 | 25,00 | 0 | 0,00 | 4 | 5 |
| 3 | ОС Делчево | 4 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 4 | 6 |
| 4 | ОС Кочани | 11 | 84,62 | 2 | 15,38 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 13 | 16 |
| 5 | ОС Радовиш | 7 | 63,64 | 4 | 36,36 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 11 | 11 |
| 6 | ОС Св. Николе | 5 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 5 | 6 |
| 7 | ОС Струмица | 22 | 91,67 | 2 | 8,33 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 24 | 26 |
| 8 | ОС Штип | 22 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 22 | 25 |
| | Вкупно: | 77 | 86,52 | 11 | 12,36 | 1 | 1,12 | 0 | 0,00 | 89 | 101 |

**Вкупно за Управен, Апелациони и Основни судови на цела територија на Р. Македонија**

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вкупно: | 493 | 87,72 | 60 | 10,68 | 9 | 1,60 | 0 | 0,00 | 562 | 709 |

Од страна на Советот беше спроведено и оценување на претседателите на основните, апелационите судови во РМ и Управниот суд Скопје. При тоа се оценети вкупно 30 претседателите на судови за работата во текот на 2009 година. Од резултатите добиени од спроведеното оценување, се констатира дека од вкупно 30 оценети претседатели на судови 15 се со оценка „многу добар“ или 50%, 12 со оценка „добар“ или 40%, 2 се оценети со оценка „задоволителен“ односно 6,67% и 1 претседател е оценет со оценка „незадоволителен“, односно 3,33% од вкупно оценетите претседатели на судовите.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

| рб | Суд | Многу добар | % | Добар | % | Задоволителен | % | Незадоволителен | % | Вкупно оценети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | 0 | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 |
| 2 | Управен суд на РМ | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| | Апелациони судови | | | | | | | | | |
| 3 | АС Битола | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 4 | АС Гостивар | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 5 | АС Скопје | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 6 | АС Штип | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| | Вкупно: | 2 | 50,00 | 2 | 50,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 4 |
| | АС БИТОЛА - Основни судови | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Битола | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 2 | ОС Крушево | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 3 | ОС Охрид | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 4 | ОС Прилеп | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 5 | ОС Ресен | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 6 | ОС Струга | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| | Вкупно: | 4 | 66,67 | 1 | 16,67 | 1 | 16,67 | 0 | 0,00 | 6 |
| | АС ГОСТИВАР - Основни судови | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Гостивар | 0 | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 |
| 2 | ОС Дебар | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 3 | ОС Кичево | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 4 | ОС Тетово | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| | Вкупно: | 2 | 66,67 | 1 | 33,33 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 3 |
| | АС СКОПЈЕ - Основни судови | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Велес | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 2 | ОС Гевгелија | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 3 | ОС Кавадарци | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 4 | ОС Кратово | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | **ОС Крива Паланка** | **0** | **0,00** | **1** | **100,00** | **0** | **0,00** | **0** | **0,00** | **1** |
| 6 | **ОС Куманово** | **0** | **0,00** | **1** | **100,00** | **0** | **0,00** | **0** | **0,00** | **1** |
| 7 | **ОС Неготино** | **1** | **100,00** | **0** | **0,00** | **0** | **0,00** | **0** | **0,00** | **1** |
| 8 | **ОС Скопје I Скопје** | **0** | **0,00** | **1** | **100,00** | **0** | **0,00** | **0** | **0,00** | **1** |
| 9 | **ОС Скопје II Скопје** | **1** | **100,00** | **0** | **0,00** | **0** | **0,00** | **0** | **0,00** | **1** |
| | **Вкупно:** | **3** | **33,33** | **6** | **66,67** | **0** | **0,00** | **0** | **0,00** | **9** |
| **АС ШТИП - Основни судови** | | | | | | | | | | |
| 1 | **ОС Берово** | **0** | **0,00** | **0** | **0,00** | **1** | **100,00** | **0** | **0,00** | **1** |
| 2 | **ОС Виница** | **0** | **0,00** | **1** | **100,00** | **0** | **0,00** | **0** | **0,00** | **1** |
| 3 | **ОС Делчево** | **1** | **100,00** | **0** | **0,00** | **0** | **0,00** | **0** | **0,00** | **1** |
| 4 | **ОС Кочани** | **1** | **100,00** | **0** | **0,00** | **0** | **0,00** | **0** | **0,00** | **1** |
| 5 | **ОС Радовиш** | **0** | **0,00** | **0** | **0,00** | **0** | **0,00** | **1** | **100,00** | **1** |
| 6 | **ОС Св. Николе** | **0** | **0,00** | **1** | **100,00** | **0** | **0,00** | **0** | **0,00** | **1** |
| 7 | **ОС Струмица** | **1** | **100,00** | **0** | **0,00** | **0** | **0,00** | **0** | **0,00** | **1** |
| 8 | **ОС Штип** | **0** | | **0** | | **0** | | **0** | | **0** |
| | **Вкупно:** | **3** | **42,86** | **2** | **28,57** | **1** | **14,29** | **1** | **14,29** | **7** |

**Вкупно за Управен, Апелациони и Основни судови на цела територија на Р. Македонија**

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Вкупно:** | **15** | **50,00** | **12** | **40,00** | **2** | **6,67** | **1** | **3,33** | **30** |

Судски совет, согласно со член 31 алинеја 5 и 13 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите, како и да ги разгледува тромесечните и годишните извештаи за работата на судиите, а со тоа и работата на судовите.

Имено, во согласност со наведената законска одредба, Судскиот совет на Република Македонија изготви извештај за работата на Врховниот суд на РМ, Управниот суд, апелационите и основните судови во Република Македонија и тоа за прво, второ, трето и четврто тромесечје од 2010 година, како и извешти за цела 2010 година.

Врховниот суд на РМ не го совладал годишниот прилив на предмети.

Управен суд не го совладал годишниот прилив на предмети.

## Апелационо подрачје Скопје

Во Апелациониот суд Скопје е совладан годишниот прилив на предмети . На ниво на Апелационо подрачје Скопје, судовите Основен суд Скопје I Скопје, Основен

суд Скопје 2 Скопје, Основен суд Велес, Основен суд Куманово, Основен суд Неготино и Основен суд Гевгелија го имаат совладано годишниот прилив. Судовите, Основен суд Кавадарци, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово го немаат совладано годишниот прилив.

### Апелационо подрачје Битола

Во Апелациониот суд Битола е совладан годишниот прилив на предмети. На ниво на Апелационо подрачје Битола, судовите Основен суд Битола, Основен суд Прилеп, Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Ресен го имаат совладано годишниот прилив. Основен суд Крушево го нема совладано годишниот прилив.

### Апелационо подрачје Гостивар

Апелациониот суд Гостивар го има совладано годишниот прилив на предмети. На ниво на Апелационо подрачје Гостивар, судовите Основен суд Гостивар, Основен суд Тетово, Основен суд Кичево и Основен суд Дебар го имаат совладано годишниот прилив.

### Апелационо подрачје Штип

Апелациониот суд Штип го има совладано годишниот прилив на предмети. На ниво на Апелационо подрачје Штип, судовите Основен суд Штип, Основен суд Берово, Основен суд Виница, Основен суд Делчево, Основен суд Струмица, Основен суд Кочани, Основен суд Радовиш и Основен суд Свети Николе го имаат совладано годишниот прилив.

ПРИЛИВ НА ПРЕДМЕТИ ВО СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА

| рб | Суд | Нерешени предмети од претходната година | Примени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети на крајот од годината | Разлика од нерешени предмети на почеток и крај на годината |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | 1194 | 4214 | 5408 | 3371 | 2037 | -843 |
| 2 | Управен суд на РМ | 10340 | 9792 | 20132 | 6322 | 13810 | -3470 |
| Апелациони судови | | | | | | | |
| 3 | АС Битола | 2200 | 9964 | 12164 | 9975 | 2189 | 11 |
| 4 | АС Гостивар | 1619 | 3999 | 5618 | 4214 | 1404 | 215 |
| 5 | АС Скопје | 4239 | 16339 | 20578 | 17208 | 3370 | 869 |
| 6 | АС Штип | 747 | 6891 | 7638 | 7080 | 558 | 189 |
| | Вкупно: | 8805 | 37193 | 45998 | 38477 | 7521 | 1284 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АС БИТОЛА - Основни судови | | | | | | | |
| 1 | ОС Битола | 31217 | 28771 | 59988 | 36659 | 23329 | 7888 |
| 2 | ОС Крушево | 2917 | 2280 | 5197 | 2249 | 2948 | -31 |
| 3 | ОС Охрид | 20074 | 17300 | 37374 | 22263 | 15111 | 4963 |
| 4 | ОС Прилеп | 42334 | 34875 | 77209 | 40222 | 36987 | 5347 |
| 5 | ОС Ресен | 1014 | 3306 | 4320 | 3486 | 834 | 180 |
| 6 | ОС Струга | 10821 | 14824 | 25645 | 17236 | 8409 | 2412 |
| | Вкупно: | 108377 | 101356 | 209733 | 122115 | 87618 | 20759 |
| АС ГОСТИВАР - Основни судови | | | | | | | |
| 1 | ОС Гостивар | 37426 | 32815 | 70241 | 39364 | 30877 | 6549 |
| 2 | ОС Дебар | 1961 | 4482 | 6443 | 4672 | 1771 | 190 |
| 3 | ОС Кичево | 2678 | 12940 | 15618 | 13070 | 2548 | 130 |
| 4 | ОС Тетово | 46800 | 44378 | 91178 | 55930 | 35248 | 11552 |
| | Вкупно: | 88865 | 94615 | 183480 | 113036 | 70444 | 18421 |
| АС СКОПЈЕ - Основни судови | | | | | | | |
| 1 | ОС Велес | 18322 | 21372 | 39694 | 24903 | 14791 | 3531 |
| 2 | ОС Гевгелија | 2249 | 12484 | 14733 | 13194 | 1539 | 710 |
| 3 | ОС Кавадарци | 2441 | 15996 | 18437 | 15540 | 2897 | -456 |
| 4 | ОС Кратово | 399 | 2509 | 2908 | 2472 | 436 | -37 |
| 5 | ОС Крива Паланка | 738 | 4739 | 5477 | 4694 | 783 | -45 |
| 6 | ОС Куманово | 42747 | 28288 | 71035 | 33618 | 37417 | 5330 |
| 7 | ОС Неготино | 13567 | 6258 | 19825 | 7985 | 11840 | 1727 |
| 8 | ОС Скопје I Скопје | 54823 | 85565 | 140388 | 91573 | 48815 | 6008 |
| 9 | ОС Скопје II Скопје | 568606 | 179439 | 748045 | 399411 | 348634 | 219972 |
| | Вкупно: | 703892 | 356650 | 1060542 | 593390 | 467152 | 236740 |
| АС ШТИП - Основни судови | | | | | | | |
| 1 | ОС Берово | 1409 | 3439 | 4848 | 3913 | 935 | 474 |
| 2 | ОС Виница | 689 | 3357 | 4046 | 3625 | 421 | 268 |
| 3 | ОС Делчево | 1067 | 4673 | 5740 | 4717 | 1023 | 44 |
| 4 | ОС Кочани | 10679 | 13103 | 23782 | 14557 | 9225 | 1454 |
| 5 | ОС Радовиш | 2698 | 8093 | 10791 | 9242 | 1549 | 1149 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | ОС Св. Николе | 1652 | 3720 | 5372 | 3943 | 1429 | 223 |
| 7 | ОС Струмица | 9052 | 26998 | 36050 | 28102 | 7948 | 1104 |
| 8 | ОС Штип | 11769 | 18163 | 29932 | 22542 | 7390 | 4379 |
| | Вкупно: | 39015 | 81546 | 120561 | 90641 | 29920 | 9095 |

**Вкупно за Управен, Апелациони и Основни судови на цела територија на Р. Македонија**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вкупно: | 959294 | 681152 | 1640446 | 963981 | 676465 | 282829 |

Од приложените податоци, несомнено може да се констатира дека судовите во Република Македонија во 2010 година го имаат совладано приливот на нови предемти за 282829 предмети. Овој позитивен ефект во судството на РМ е резултат на подобрените услови во судовите, поголемиот ангажман од страна на судиите, непосредната поддршка од повисоките судови по однос на решавањето спорни правни прашања, воедначувањето на судската практика и другите реформски процеси. Во сето ова свој придонес има и Судскиот совет со новата улога и надлежности што ги доби со измена на процесните закони, особено во делот на методологијата за следење и оценка на работата на судиите и судовите, на кој начин се придонесува за нивен поголем ангажман а со тоа и ажурност во работењето.

# ОЦЕНА ЗА СОСТОЈБАТА ВО СУДСТВОТО ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ОСНОВНИТЕ СЛОБОДИ

Со годишниот Извештај на Судскиот совет опфатени се активностите на Советот во текот на 2010 година кои беа насочени кон спроведување реформи во судството согласно со најновите меѓународни стандарди со цел зајакнување на независноста и ефикасноста на судската власт. Во текот на извештајниот период во целост се остварени приоритетите поставени во Програмата за работа на Советот за 2010 година и Стратешкиот план на Судскиот совет за периодот 2010-2012 година донесени и усвоени врз основа на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ и препораките во Извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Македонија.

Република Македонија со стапување во полноправно членство во Советот на Европа има статутарна обврска да обезбеди остварување владеење на правото и гарантирање на човековите права и слободи, која обврска е поврзана и со спроведување реформа по однос на домашното законодавство чија главна карактеристика е приближување на законодавството во Република Македонија со законодавството на Европската унија.

Заради реализација на овие активности Советот, посебно се залагаше за развој на меѓународната и регионалната соработка преку студиските посети на претседателот и членовите на Судскиот совет на РМ, заради воспоставување директна соработка и размена на искуства и компаративни согледувања со судските совети во други држави, се со цел за остварување на европските стандарди во остварување на надлежноста, самостојноста и независноста на судскиот ситем.

Во делот на воспоставување и јакнење на меѓународната и регионалната соработка на Судскиот совет на РМ, во текот на 2010 година оствари повеќе средби и акативности од кои позначајни се :

Со пристапувањето во Европската асоцијација на судски совети како институција која ги исполнува сите европски стандарди и критериуми за пристапување кон Асоцијацијата, Судскиот совет на Р. Македонија во текот на 2010 година ги продолжи активностите и соработката со сродните институции од другите европски држави со што го дава својот придонес во меѓуинституционалната соработка во делот на слободата, безбедноста и правосудството во Европската унија. Исто така Судскиот совет на РМ е рамноправен член и учесник во работните групи на Асоцијацијата, кои одржуваат редовни состаноци на одредени теми од разни области на судството.

Делегација на Судскиот совет зеде учество на Годишното собрание на Регионалната мрежа на судски совети, како продолжение на учеството на Судскиот совет на РМ на Годишните собранија на Регионалната мрежа на судски совети.

Во организација на Европската комисија за обнова и развој а во рамките на Инструментот за техничка помош TAIEX, во периодот од 26.9-1.10.2010 година делегација во состав од членовите на Судскиот совет оствари работна посета на Генералниот судски совет на Кралството Шпанија во чии рамки се оствари и посета на Врховниот суд и Генералната канцеларија на обвинителскиот совет на Кралството

Шпанија а со цел зајакнување на законодавството и подобрување на капацитетите и функционирањето на Судскиот совет на Република Македонија во согласност со стандардите на Европската унија и најдобрата практика во европските земјите.

Номиниран претставник од Судскиот совет зеде учество на седмиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност, кој се одржа на 26-28.9.2010 година во Брисел, помеѓу Европската унија и Република Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација

Заради спроведување на реформите во правосудството, а се со цел за инкорпорирање на европското законодавство во нашиот правен систем ,во текот на извештајната година претседателот на Судскиот совет оствари голем број средби со претставници на меѓународната заедница.

Преку сите овие активности беа остварени значајни средби со претставници на други европски земји и меѓународни организации на кои беше разменето драгоцено искуство во делот на независноста на судството и судските реформи, заштитата на човековите права и основните слободи, односите помеѓу судската и извршната власт, улогата и структурата на судските совети во другите држави. Воедно се создаде можност за потесна соработка со сите релевентни тела и институции заради заемна размена на искуства и справување со предизвиците со кои се соочуваме како институции. Судскиот совет на РМ е подготвен да земе активно учество и да даде свој придонес во многу идни активности,особено во делот на размена на искуства и диреткна соработка на теми за изборот и унапредувањето на судиите, постапката и начинот на следењето и оценувањето на работата на судиите, критериумите и методологијата на оценување, дисциплинската одговорност на судиите, зајакнувањето на капацитетите на судската администрација, финансирањето и менаџирањето во судството и многу други теми на интерес.

Судскиот совет на Република Македонија преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите се грижи за независноста, самостојноста, ефикасноста и транспарентноста на судството. Тој будно ги следи состојбите во судството во однос на непристрасно применување на правото, заштитата, почитувањето и унапредувањето на човековите права и слободи, обезбедувањето еднаквост, рамноправност, недискриминација по кој било основ и обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото, што е цел на судската власт.

Основните вредности и принципи кон кои се стреми Советот се:

- фокус кон професионално, навремено и квалитетно исполнување на надлежностите и работните задачи
- обезбедување владеење на правото
- независност во носењето на одлуките
- брза реакција во случаи на зачувување на интегритетот на судиите и независноста на судиската функција
- транспаретност и отчетност во работењето
- отвореност за соработка со други институци и организации
- почитување на различностите
- отвореност за унапредување на капацитетите

Основната мисија на Советот и во иднина ќе биде да ги развива воспоставените активни релации и соработка со сите релевантни домашни и меѓународни институции и да се стреми кон обезбедување и заштита на интегритетот на судиите преку спречување на надворешни влијанија во процесот на избор, оценување, унапредување и разрешување на судиите како и на финансиска независност на судската власт. Судскиот совет гарантира пристап на граѓаните до фер и навремена правда и значително придонесува за јакнење на довербата на граѓаните во судскиот систем.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Александра Зафировска**